**ФАКТОРИТЕ ЗА ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПРОФЕСИЈА КАКО ГЛОБАЛНА, ОПШТЕСТВЕНА, ЕКОНОМСКА, ОРГАНИЗАЦИОНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА АКТИВНОСТ**

**Доц.д-р Александар Костадиновски,**

**Доц.д-р Оливера Ѓоргиева- Трајковска,**

**Abstract**

The size of the current financial and economic crisis points the need for a fundamental review of all areas of business and economic activities, including accounting disciplines. In the areas of financial accounting, auditing, management accounting and governing regulatory institutions, that oversee the accounting and auditing practices, there is real concern about the numerous problems and deficiencies in the profession, revealed by the crisis. In front of the accountants there is a double challenges: first, to understand how key forces that shape the future could affect the organizations for which they work, secondly, they need to assess the implications of such effects on accounting standards and processes and the accounting profession as a whole. In the paper we bring out the factors that could have the greatest impact on the economy, the business world and the accounting profession in the next decade, the key actions which should be taken in response to these factors and their impact, and generating alternative scenarios for the future of accounting based on actions taken by accountants when facing challenges.

Key words: financial and economic crisis, global accounting profession, accountants, accounting function, factors of change.

## Вовед

Во следната деценија како најзначајни глобални теми се наметнуваат прашањата поврзани со регионалните поместувања во богатството и моќта, екстремната економска неизвесност и политичките транзиции. Воедно, пазарната нестабилност, глобализацијата и иновациските трансформации доведуваат до преобликување на деловното опкружување. Влијанието на ваквите предизвици е пропратено со забрзаниот напредок во науката и технологијата, демографските промени и новите деструктивни бизнис модели. Збирно, ваквите фактори создаваат нови општествени вредности, потреби и очекувања. Накратко кажано, тие го трансформираат секој аспект од нашето опкружување. Во суштина, ваквите фактори упатуваат на растечката потреба деловниот свет да ги препознае промените и да се подготви на широкиот опсег на можни идни сценарија. Некои бизниси веќе имаат добро развиени способности за скенирање на хоризонтот и идентификување на клучните фактори и сили во обликување на иднината. Тоа овозможува истите полесно да ги пребродат шоковите и да ги капитализираат новите можности. Другите пак, се уште немаат усовршен детекционен радар, поради што се затечени од промените, како во макроекономијата така и во нивното потесно деловно опкружување.

Голем дел од тековните размислувања за иднината на глобалната економија во текот на следната деценија, очекувано, се под влијание на последиците од глобалната финансиска криза. Размислувањата исто така се обликувани и од континуираната економска несигурност поткрепена со високите нивоа на државниот долг и растечката загриженост поради големиот број потенцијални легални злоупотреби во рамки на финансискиот систем. Јавната вознемиреност се очекува да се зголеми со текот на системските слабости и неусогласеноста помеѓу релативно тесната дистрибуција на наградите и широката јавна опседнатост со ризикот за пропаѓање и сиромаштија. Во исто време, социјалните и психолошки трошоци на економските штедења се очекува да фрлат сенка која трае повеќе од една деценија врз земјите кои се најтешко погодени од должничката криза, како што се Грција и Шпанија. Јазот во приходите и степенот на нееднаквост меѓу богатите и сиромашните земји, исто така, би можело да стане се поголема причина за тензија и вина во рамки на глобалниот систем. Колективно, овие фактори се очекува да доведат до барања за повеќе одговорен пристап кон капитализмот и систем што обезбедува потранспарентна и поправична распределба на ризикот и доходот.

Сметководствените практики треба да одиграат клучна улога во организирање на современиот економски и социјален живот.[1] Како во приватниот, така и јавниот сектор, активностите се значително структурирани околу пресметките на трошоците и користите, проекциите за финансиските враќања, оценка на перформансите и ризикот, и сплет на други форми на нумерички и финансиски претставувања. Сепак, и покрај значењето на растечката пресметковна инфраструктура, релативно малку внимание е посветено на утврдување, како ваквото економизирање на општествените области ги менува модалитетите на управување и формите на лидерство и практицирање на моќта. Сметководството е професија која има директно влијание врз општествената структура на деловната организација и индиректно во однос на другите општествени институции. Сметководствените практики се значајни како технологија за општествена и организациска контрола.

## Фактори за промена на глобалната сметководствена професија

Факторите за обликување на сметководствената професија во следната деценија може да се групираат во следниве осум категории:[2]

1. Економија
2. Политика и регулатива
3. Општество
4. Деловно опкружување
5. Наука и технологија
6. Животната средина, енергијата и ресурсите
7. Сметководствените практики
8. Сметководствената професија

- ***Економија***

Оваа група на фактори ги истражува последиците од глобалната финансиска криза и долгорочното влијание на тековните турбуленции. Тука се опфатени одржливоста на јавниот долг, изгледите за економски раст и севкупната ефективност на светската економска инфраструктура. Исто така се земаат во предвид стабилноста на националниот доход, улогата на светските резервни валути, како и потребата да се разгледаат алтернативни модели на менаџирање на економиите.

Јавното мислење за либералниот капитализам, димензионирањето на протекционизмот наспроти глобализацијата во услови на економска неизвесност, променетите поимања за вредноста на валутите, се разгледуваат како дел од одговорот на глобалната финансиска криза и континуираната нестабилност. При испитување на можните развојни правци на светската економија, се земаат во предвид нивото на социјална нееднаквост, улогата на економијата базирана на знаење и значењето на малите бизниси. Конечно, соодветно внимание се посветува на факторите како што се инвестициите во инфраструктурата, мобилноста на работната сила, берзанските спојувања и влијанието на БРИК економиите врз глобалните сметководствени фирми.

- ***Политиката и регулативата***

За перспективата на бизнисите и сметководството, како фактори од критична важност се сметаат нивото на меѓународна политичка стабилност/нестабилност и стапката на демократска транзиција. Темпото и големината на културна глобализација, како и улогата на светските водечки институции исто така се потенцираат како клучни фактори. Обемот и сложеноста на законската регулатива и предизвиците во управување и обезбедување на квалитет на услугите на јавниот сектор, се суштински за перспективите на деловното и сметководствено работење.

- ***Општеството***

Стапката и дистрибуцијата на растот на светската популација, како и резултирачките импликации врз старосната структура на работната сила се истакнуваат како важни детерминанти. Зголеменото учество на жените во работната сила, очекувањата на новите генерации и културната разновидност се

[1] *Mennicken, Andrea & Miller, Peter*: Accounting, Territorialization and Power, Foucault Studies, No. 13, 2012, стр.4

[2] *The Association of Chartered Certified Accountants (ACCA)*: 100 drivers of change for the global accountancy profession, Fast Future, 2012, стр.6

издвојуваат како критични општествени насочувачи за бизнисот. Прашањата околу квалификуваноста на работната сила се исто така идентификувани со посебен акцент ставен на трошоците и пристапот до високото образование и зголемената улога на современите методи на учење.

- ***Бизнисите***

Постои јасен акцент на потребата за темелна промена во секој аспект на деловното работење, од управувањето и лидерството, преку пристапите кон иновации и прифаќање на потрошувачот како инвеститор. Јасно се нагласува критичната улога на ставовите на лидерите за промените, за нивото на сложеноста во работењето, стапката на промена во бизнис циклусите и прифаќањето на новите бизнис модели. Останатите посматрани стратегиски фактори ја вклучуваат потребата да се разгледаат алтернативните деловни и пазарни парадигми и управување со ризикот, одговорноста и компатибилноста на претпријатието.

Глобализацијата создава можности и предизвици. Фокусот е поставен на обемот на меѓународните спојувања и превземања, квалитетот и достапноста на работната сила во светски рамки, изборот на светските деловни јазици, обемот и движењето на повратните иновации од брзо растечките економии кон индустриските земји и влијанието на новите финансиски центри. Клучните раководни предизвици истакнати за следната деценија ја вклучуваат важноста да се менаџира корпоративниот углед, да се прифати корпоративниот животен кодекс, нивото на странски директни инвестиции и употребата на интегрирани системи за размислување при управување со сложеноста на бизнисите.

Општествената одговорност на бизнисите се идентификува како клучно прашање за следната деценија, со фокусот на социјалниот бизнис, нивото на социјално претприемништво, еволуција на корпоративното управување и управување со различните очекувања на интересните групи. Другите важни детерминанти ја истакнуваат улогата на готовината во финансиските трансакции, улогата на посредниците и појавата на нови индустриски сектори и професии.

- ***Науката и технологијата***

Дигитализацијата на деловното работење и секојдневното живеење се разгледуваат со фокусот на екосистемите на персоналните технологии, пристапот до интернет и социјалните мрежи и нивното влијание врз задржување на вниманието, учење и стекнување знаења. За деловното работење особено се нагласува прифаќањето на т.н. облак компјутери, создавањето и вреднувањето на дигиталните средства, предизвиците околу кибер безбедноста, развојот и користењето на големи организациони бази на податоци и техники за обработка на податоците.

Научните откритија создадоа цели нови индустрии кои не можеа да се замислат пред една деценија.[3] Особено внимание се посветува на огромниот потенцијал на новите индустрии и производствени модели, и достигнувања како што се дигиталното издаваштво, интелигентните сметководствени системи, предвидливите анализатори и ширината на бизнис можностите поврзани со подобрената и виртуелната реалност. Новите области на науката кои се очекува да имаат значајно деловно и комерцијално влијание во следната деценија ги вклучуваат генетиката и нејзината улога во подобрување на здравствената заштита, постигнувањата во неврологијата (посебно испитувањата на мозокот), употребата на роботизацијата и нанотехнологијата широко низ бизнис секторите.

- ***Животната средина, енергијата и ресурсите***

Загриженоста околу одржливоста на тековните модели на потрошувачка е голема, се поголемо внимание се посветува на климатските промени, влијанието на бизнисите врз биодиверзитетот и конкуренцијата за природните ресурси. Актуализирани се очекувањата за корпоративна екописменост, одржување и зголемување на зеленилото, како и наметнување на етичка потрошувачка во бизнисите. Определен акцент се става на т.н. 'маркетизација на зеленилото' преку механизми како што се оданочување на бизнисите кои продуцираат јаглерод, овозможување на трговија во еколошки финансиските пазари и прифаќање на алтернативните извори на енергија во деловното работење.

- ***Практикување на сметководството***

Се разгледуваат стратегиските и оперативните фактори. Се испитува промената во опфатот, обемот и комплексноста на улогата на финансискиот директор и сметководителот, особено во однос на

---

[3] *Марковски, Слободан & Недев, Блажо*: Сметководство на менаџментот, Економски факултет, 2003, стр.18

растот на побарувачката за нефинансиски информации и интегрирано известување. Се анализираат можностите кои произлегуваат од глобалното прифаќање на сметководствената регулатива, сметководствените стандарди, и еволуцијата на глобалниот сметководствен синџир на понуда, заедно со импликациите од променетите структури, стратегии и деловни модели на сметководствените фирми. Оперативните фактори вклучуваат јасност во финансиското известување, дефинирање на улогата на ревизијата, управување со внатрешната ревизија, балансирање помеѓу екстерното финансиско и интерното управувачко сметководство, вреднување на нематеријалните средства и усвојување на XBRL стандардот во обработка на сметководствените податоци и размена на деловните информации.[4]

- ***Сметководствената професија***

Во екот на финансиската и економската криза, од многуте анализирани фактори како централни се нагласуваат перцепцијата и очекувањата на јавноста за сметководствената професија, нејзината атрактивност и дефинирање на нејзината улога. Важноста исто така се акцентира на флексибилноста, соодветноста и трошокот на сметководствената обука. Особено внимание се посветува на градење на капацитетите за стекнување сметководствени вештини во транзиционите економии и развој на претприемачките вештини и деловната свест во сметководствената професија. Од другите фактори кои се истакнуваат ќе ги споменеме воспоставувањето и признавањето на сметководствените асоцијации во развојните пазари и влијанието на конкуренцијата од учесниците надвор од професијата врз обезбедување на сметководствените услуги.

## Клучните импликации на факторите врз сметководствената област

### А) Јавниот имиџ на сметководството

Постои јасно уверување дека сметководствената професија треба да работи напорно за да ја обзнае нејзината вредност и значење, да ја поврати довербата кај јавноста и да увери дека поседува силен бренд за регрутирање и привлекување на најдобрите таленти.

Јавноста не може целосно да ја разбере сложената улога на сметководителот. Сепак, постои општа свест за тоа дека сметководствената професија постои - барем делумно – за да обезбеди етички финансиско однесување и регулаторна усогласеност. Во некои кругови се идентификува чувството дека сметководителите би можеле подобро да ја извршат својата работа преку истакнување на ризиците и обезбедување на рано предупредување за проблемите акумулирани во многу од институциите иницијатори на глобалната финансиска криза.[5] Затоа враќањето на довербата на јавноста во професијата е од огромно значење. Друг клучен приоритет во градење на довербата е проширување на дометот на професијата во развојните економии преку помагање да се воспостават силни национални професии. Приоритет за професионалните асоцијации во развојните пазари ќе биде да се обезбеди обука, воспоставување и примена на стандардите, и да им се обезбеди колективна заштита на практичарите. Воспоставувањето на довербата во професијата во значителна мера е улога на сметководителите кои работат во претпријатијата, како и на оние во сметководствените фирми и сметководствените здруженија.

И покрај загриженоста за зголемената невработеност на дипломираните кадри во многу економии, конкуренцијата за ангажирање на врвните таленти и понатаму е многу голема. Сметководствената професија мора да увери дека може да понуди возбудлива и богата кариера за дипломираните студенти, како и за оние кои покасно сакаат да се преквалификуваат во оваа професија. Ова подразбира препознавање на мотивациите, желбите и очекувањата на интересентите за професијата и справување со прашањата за довербата и имиџот со кои професијата се соочува во некои кругови. Професијата треба да обзнае дека се менува природата на улогата на сметководителот и да го

[4] XBRL (eXtensible Business Reporting Language) е слободно достапен и глобален стандард за размена на бизнис информации. XBRL овозможува изразување на семантичкото значење кое најчесто се бара при известувањето.

[5] *Buga, M., Gherghinescu, O. et al*: The global financial crisis as incentive for enhancing assurance for financial reporting, Annales Universitatis Apulensis Series Oeconomica, 12(1), 2010, стр. 57

нагласи нејзиниот потенцијал за исполнување на повеќе пошироки стратешки надлежности во работењето на претпријатијата.

**Б) Позиционирање на сметководството во деловниот свет**

Ширината на економските, трговските и регулаторните предизвици и промени укажуваат на тоа дека финансискиот директор и сметководствената функција ќе имаат зголемена централна улога во деловното работење. Трите конкретни аспекти на ваквите зголемени надлежности се нагласени преку следните фактори - зајакнатата стратегиска одговорност, проширување на ревизијата и усогласувањето, како и оценка на вкупната одржливост.

Потенцијалната рентабилност (профитабилност) се намалува со зголемување на конкуренцијата, ојакнувањето на потенцијалните нови конкурентни, производите кои се слични или еднакви, и агресивноста на купувачите и добавувачите.[6] Долгорочната нестабилност комбинирана со притисокот на намалените профитни маржи во многу пазари, укажуваат дека дури и мали промени може да имаат големо влијание врз финансиските перформанси. Во овие околности, финансискиот директор и сметководствената функција можат да имаат многу поширока улога во стратегиското одлучување. Особено фокусот ќе биде ставен во помагање на организацијата да ја максимизира својата вредност преку генерирање на паметни финансиски стратегии.

На подолг рок, сметководствената функција се очекува да игра уште поголема централна улога во развојот и оценувањето на деловните модели и ценовните стратегии. Исто така се предвидува зголемена надлежност и при активностите на спојување и купување на бизнисите. Слично на тоа, постои очекување дека деловното одлучување би можело се повеќе да биде управувано од страна на интелигентните сметководствени системи и предвидливите аналитики. Ваквите техники ќе помогнат да се анализираат и искористат огромните количини на сметководствени податоци кои корпорациите ги продуцираат преку нивните дневни активности и трансакции. Проширената стратешка надлежност може да доведе до преиспитување на организациониот дизајн на сметководствената функција и нејзините релации со остатокот од фирмата. Проширената надлежност, исто така, подразбира осмислување на технички и емоционални способности потребни за ефективно пресретнување на зголемените одговорности.

Очекувањата за поголема законска усогласеност, заедно со барањата за пошироко известување на ризикот на претпријатието и поголема транспарентност, ќе го зголемат техничкиот обем на работа. Ваквите барања ќе иницираат внатрешната ревизија да има поголема улога како советник на менаџментот. Помагањето на претпријатијата да обезбедат разумно финансиско управување го зголемува фокусот кон менаџерското сметководство и интегралното известување на организациските перформанси. Барањата за усогласеност со регулативата поврзана со емисиите на јаглерод и заштитата на животната средина, исто така, може да бидат вградени во надлежноста на внатрешната ревизија. На оперативно ниво, внатрешната ревизија ќе треба да ги ревидира своите процеси со цел да превземе поголема советодавна улога и поширока ревизија и барања за усогласеност.

Во строго регулирана животна средина, со континуиран притисок врз бројот на вработени, финансиските директори може да ја претпостават крајната одговорност за обезбедување вкупна одржливост на нивните претпријатија. Ова подразбира востановување и исполнување на вистински одржлива тридимензионална стратегија – опфаќајќи ги луѓето, планетата и профитот. Како што зголемува разбирањето дека финансиската одржливост не може да се постигне без одржливоста на животната средина, сметководствената функција може се повеќе да ја превзема улогата на мерење и известување на животната средина во која функционира претпријатието. Надлежноста може дури и да се прошири на преземање на иницијативи во имплементација на зелените процеси и практики. За деценија или повеќе, практиките како што се употреба на технологиите во насока на зголемување на човековата продуктивност и способност (аугментација) може да станат реалност. Сметководствената функција, исто така може да ја има крајната одговорност за ревизија и известување за човековата аугментација и генетското здравје на работната сила, како дел од вкупните барања за известување на претпријатието. Технологијата треба да оди понапред во однос на барањата за доставување на податоци со цел известување за целото претпријатие. Во практиката најголемиот предизвик ќе биде да се преструктуира свеста и процесите во

---

[6] *Марковски, Слободан & Недев, Блажо,* цитирано дело, стр27

финансиската функција, со цел истата да ја опфати одговорноста за обезбедување перспектива на организационите перформанси и одржливоста.

## В) Вреднување и известување

Постои јасно согледување дека последиците од финансиската криза и континуираната несигурност, на макро и микро ниво, ја иницираат потребата за фундаментална промена за тоа што треба да се известува и како треба да се известува.

Кај голем број на интересни групи постои зголемен интерес завршната сметка и извештаите да обезбедат комплетна слика за перформансите на организацијата и идните перспективи. Тоа подразбира поголемо акцентирање на факторите како што се ризикот, одржливоста на изворите на приходи и изложеноста на несигурните пазари. Типичните нефинансиски мерила може да ги вклучат еколошките перформанси, робустноста на клучните односи, иновациите, довербата, и здравјето и среќата на работната сила. Вреднувањето и известувањето на нематеријалните средства, како што се развојот и истражувањето и интелектуалната сопственост, секогаш се перципираат како сложено подрачје. Улогата на интелектуалната сопственост се повеќе добива во важност со промената од физичките кон виртуелните средства. Прашањето станува уште посложено при обидите да се вреднуваат дигиталните средства, кои можат да имаат многу краток животен век.

Прашањата по кои треба да се постапува се однесуваат на одговорноста за поставување на стандарди за интегриран пристап кон вреднувањето на перформансите на претпријатието и за тоа кој треба да ја спроведе ревизијата. Прашањето се сведува на тоа, кој внатре во претпријатието ја сноси крајната одговорност за интегрирано надворешно известување – финансискиот директор, извршниот директор или управниот одбор и менаџерскиот тим колективно?

Веројатно е дека ќе се зголемува притисокот за едноставни и транспарентни механизми на известување. Во исто време, како што претпријатијата ги прошируваат своите географски хоризонти, уште посложен ќе стане предизвикот на мултивалутното сметководство. Предизвиците би можело да бидат уште поголеми како што фирмите ги прифаќаат алтернативните приходни модели, како што аукциите, брзите механизми за размена како што се виртуелните валути и времените банкарски/трговски системи. Технологиите за доставување на финансиските извештаи веројатно ќе се развиваат драматично – преку користењето на 3D графичката презентација и гестуалните интерфејси. На подолг рок, процесот на презентирање на извештаите на компанијата може да се трансформира преку мултисензорното имерсивно известување кое вклучува аугментативна и виртуелна реалност.[7]

Клучен приоритет ќе биде развојот на ефикасни процеси за вреднување и известување на вкупните перформанси на организациите. Претпријатијата ќе настојуваат да проникнат и да ги уверат различните интересни групи во нивното водство, чесност и идни перспективи. Оттука, способностите како што се наративните конструкции, бизнис приказните и визуелната презентација на податоците може да имаат зголемено идно значење.

## Г) Сметководствени практики

На оперативно ниво, вниманието се очекува да биде насочено на регулативата, стандардите и системите од една страна, и на секторот за сметководствени услуги од друга страна.

Усогласеноста со регулативата и стандардите се очекува да заземе се поголем предизвик. Причината за ова е желбата на регулаторните и професионалните тела да ги превенираат финансиските екцеси и да обезбедат функционирање на се покомплексното и високо дигитализираното бизнис опкружување. Додека напорите се насочуваат кон намалување на товарот врз помалите фирми, постои загриженост дека новите прописи може да ја зголемат комплексноста. Процесот на универзално прифаќање на глобалните стандарди и практики многумина очекуваат дека ќе трае деценија или повеќе, додека пак други се сомневаат во неговата реализација. Сепак, ако дојде до нивно прифаќање, глобалните стандарди може да донесат големи придобивки во форма на конзистентно известување и финансиско управување на мултинационалните претпријатија. Прифаќањето на XBRL стандардот на

[7] *The Association of Chartered Certified Accountants (ACCA)*, цитирано дело, стр.28

податоци се очекува значително да придонесе во рационализирање на сметководствените процеси - особено надвор од границите. Конечно, усвојувањето на растечките интелигентни сметководствени системи може да доведат до многу поголема автоматизација, дури и при извршување на задачите кои вклучуваат експертиза и креативност, како што се толкување и коментирање на резултатите.

Загриженоста за трошоците и комплексноста при усогласувањето, може да ги инспирира сметководителите и давателите на услуги да изнајдуваат ефикасни процеси и да го забрзаат развојот и употребата на интелигентните системи.

На краток рок, индустријата мора да ги посочи двојните предизвици во глобализирање на структурите на фирмите и справување со појавата на лица кои не се сметководители, а кои нудат сметководствени услуги на клиентите. Побарувачката за пониска цена на услугите кај аутсорсинг активностите, ќе ги присили давателите на сметководствени услуги на соодветен одговор. Решенијата може да вклучуваат автоматизирање на задачите и нивно спроведување без оглед на локацијата во која може да се преземат истите, по пониска цена за дадено ниво на квалитет.

Како што се зголемуваат барањата од фирмите да обезбедат што е можно поцелосен поглед на нивната организација, се отвораат можности за некои сметководствени фирми да обезбедат советодавни услуги на клиентите за тоа како да ги постават ваквите механизми. Потенцијалот за конфликт меѓу советодавните и ревизорските улоги на ревизорите, би можел да биде предупредување за сметководствените фирми да се откажат од своите советодавни и консалтинг активности. На среден и долг рок, сметководствените фирми од позрелите економии можат да го искусат енергичниот влез на конкурентите од развојните пазари. Збирно ваквите предизвици може да ја доведат сметководствената индустрија во период на континуирана промена, адаптација и иновација. Како резултат на тоа, во следната деценија можни се голема промени во деловните стратегии, во изборот на географските локации, деловните модели и оперативните структури на сметководствените фирми.

Притисокот може да се пренесе врз секторот за сметководствени услуги со цел истиот да демонстрира дека го споделува товарот на економската неизвесност со своите клиенти, преку преработка на сопствените деловни модели и ставање на поголем акцент за иновации во сметководствените услуги.

**Д) Вештини, обука и професионален развој**

Програмата за обука ќе биде под влијание на антиципираните промени во рамки на сметководствената професија, комбинирано со паралелниот сет на трансформации во високото образование. Ова укажува на тоа дека во следната деценија значително ќе се развиваат наставниот план и методи во обуката на сметководителите.

Основната сметководствена наставна програма и програмите за континуиран професионален развој ќе бидат под влијание на потребата сметководителите да имаат поголема стратешка и претприемачка улога во претпријатијата. Културните и јазичните предуслови за работење во глобалното опкружување ќе имаат свое влијание врз обуката. Како што унапредува технологијата, се јавува потребата сметководителите да се здобијат со подлабоки разбирања за тоа како да ги ангажираат интелигентните системи со цел постигнување најдобар ефект. Клучот е во учењето како да се управуваат и да се искористат сметководствените податоци кои се суштински за модерните претпријатија.

Основната сметководствена обука и програмите за континуиран развој ќе треба да се ревидираат и ажурираат на редовна основа за да ги одразат променетите очекувања и потребите на бизнисот и професијата.

Онлајн опкружувањето, трошковните притисоци и новите начини за учење, комбинирано влијаат на преструктуирање на високото образование. Повеќе од 1.000 универзитети како што се Харвард и МИТ и други, организираат широк спектар на курсеви слободно достапни на интернет, за секого од целиот свет кој ќе сака да ги посетува курсевите. Им се наплатува само на оние посетители кои што сакаат да добијат некаква акредитирана форма за положените испити на крајот на курсот. Исто така се очекува зголемена употреба и на виртуелните светови, симулации и професионални игри во насока на подобрување на квалитетот на образованието и обуките. Во многу подолг период, напредокот во когнитивните науки и мозочните интерфејси создава потенцијал за вградување на содржините директно до мозокот на студентите.

Сметководствената професија треба да настојува целосно да ги искористи предностите што ги нуди потенцијалот на онлајн образованието и достигнувањата во образовната технологија. Во исто време, образовните деловни програми можеби ќе треба да се преработат во ситуација каде што содржината на сметководствените курсеви е слободно достапна на интернет.

## Стратешки акциони императиви

Анализата на факторите упатува на промените што тие може да ги донесат за поединците, општеството, бизнисот, целите нации, глобалната економија и сметководствената професија. Се поставува прашањето каде и како може масивниот сет на области, можности и опции за промена изнесени тука, да се имплементира?

Еден од предизвиците на раководството е со користење на ваквите согледувања да ги катализира видовите на еволутивни и трансформациони случувања кои ќе бидат неопходни за преживување и напредување на бизнисите во идните децении. Во пракса, малкумина имаат способност или склоност да се обидат и да се справат со сите теми, околности и можности во исто време. Признавајќи ја потребата за фокусирање, приоритетите може да ги консолидираме во 10 клучни стратешки акциони императиви, опишани во продолжение, поделени во два дела, императиви за бизнисот и императиви за сметководствената професија.

**А) Императиви за бизнисот**

- ***Претпоставете ја и планирајте ја нестабилноста***

Очекувањата за идната економската неизвесност и турбуленции се протегаат на повеќе од една деценија - водени од сериозната загриженост поради големиот долг на државно, корпоративно и индивидуално ниво. Во исто време, брзите промени во богатството и моќта се одвиваат низ целиот свет, додека останува загриженоста за стабилноста на глобалната економска инфраструктура. Во такви услови, постоењето на единствен бизнис план и сет на водечки претпоставки, повеќе воопшто не се доволни.

Лидерите мора да се осигураат дека нивните организации можат да преживеат и напредуваат под голем број на сценарија. Лидерите исто така мора да развијат јасна компетентност за размислување во однос на незамисливото и подготвување за истото. Планските претпоставки мора да го вклучат потенцијалот за економски колапс, национализација на средствата од страна на владите и дисруптивните иновации, кои може да ги трансформираат пазарите, индустриите или целите економски системи.

- ***Создадете радар***

Размислувањето за иднината веќе не е луксуз или кратка дискусија во рамки на годишниот менаџерски извештај за работењето. Потребни се широки систематски и организациони пристапи за да се скенираат, истражат и проценат импликациите од клучните идни фактори на краток, среден и подолг рок. Одговорностите треба јасно да бидат распределени со цел идентификување и дејствување на идните случувања. Компаниите мора да биде оспособени за широк опсег на скенирање на хоризонтот за да ги пресретнат различните идни фактори како што се движечките сили, постојаните фактори и новите трендови.

Соодветно внимание треба да се даде и на слабите сигнали, предупредувања и идеи, случувања и поединци кои што можат да влијаат на глобалната економија и оперативното опкружување во рамки на индустријата. Скенирањето и подготовката за широкиот спектар на можности, толеранција на неизвесноста, љубопитноста и околните збиднувања, стануваат суштински развојни приоритети за менаџерите и лидерите.

- ***Практикувајте технолошко лидерство***

Темпото на напредокот на информационо-комуникационата технологија, јасниот потенцијал за она што таа може да го придонесе и продорноста во нејзиното прифаќање, ја сместува технологијата во срцето на стратегијата и работењето на бизнисите од било која големина. Новите изумства и пристапи на технолошко управување се особено потребни во брзо растечката средина каде што претпријатието поседува помалку компјутерски и комуникациски средства на кои може да се потпира. Во вакви случаеви клучни двигатели се ангажирањето на вработени со користење на нивните сопствени уреди, апликации и

бази на податоци, кои се користат од далечина преку т.н. облак компјутери, како и интернетот кој претставува столбот на повеќето претпријатија. Секоја нова генерација на системи нуди зголемена интелигенција, флексибилност и потенцијал за трансформирање на работните практики. Технолошките придобивки овозможуваат нови деловни модели, попречување на вредносните синџири и трансформирање на целите индустрии.

- ***Подгответе се за вистинска глобализација***

Иако многу фирми го имаат прифатено вистинскиот глобален модел на работење, другите се уште се во процесот на учење што ова подразбира. Глобализацијата подразбира излегување надвор од домашните парадигми и модели на работење. Долгорочниот успех во различните континенти и култури налага развој на вистински глобални менаџмент пристапи. Тие мора да опфатат сѐ, од формулирање на стратегијата до деловни иновации и регрутирање и развој на кадрите. Иако технологијата е суштински овозможувач за ефективно функционирање на глобалното претпријатие, сепак клучен фактор е способноста на менаџментот да работи со, да се прилагодува и да го извлече најдоброто од мултилокациската, мултикултурна и различнодобна работна сила.

- ***Развивајте љубопитни, експериментални и прилагодливи начини на размислување***

Темпото на деловни промени и стапката на раст на оперативната комплексност можат да ги направат промените застарени, пред тие дури и да се имплементирани. Оттука, организациите мора да научат да го балансираат ефектот од фокусирање на јасната долгорочна визија со прагматизмот на флексибилниот пристап на имплементација. Постои јасна потреба за оперативна флексибилност и адаптибилност при изборот на стратегии и тактики усвоени за да се постигнат посакуваните резултати. За многумина, ова значи прифаќање на позитивни деловни модели. Тоа исто така подразбира подготвеност да се експериментира постојано со сѐ, од дизајнирање на производи и услуги, до моделирање на приходите и дистрибутивните канали.

Критичен фактор за успех во оваа нова цел е развивањето на една култура која е навистина љубопитна за светот и е отворена за нови идеи надвор од организацијата. Ваквите култури исто така мора да ја поттикнуваат и наградуваат подготвеноста за воспоставување нови работни релации низ целата мрежа на потрошувачи, добавувачи, партнери и конкуренти кои го дефинираат современиот бизнис екосистем.

**Б) Императиви за сметководствената професија**

- ***Прифатете ја проширената стратешка и комерцијална улога***

Како што претпријатијата ги развиваат своите стратегии, структури и деловни модели за да преживеат и да напредуваат во едно турбулентно опкружување, станува сосема јасно дека сметководителите треба да ја претпостават зголемената организациона надлежност. Потребата да се обезбедат одговорни практики во самиот раст на компаниите ја отвора вратата за сметководителите да учествуваат во донесувањето на поширoките деловни одлуки. Ваквата поширока улога ќе бара од сметководителите да применуваат финансиска експертиза во комбинација со аналитичките и креативните вештини и способности во менаџирање на ризикот. Ваквите способности ќе се покажат подеднакво важни во сѐ, од проценка на ризикот на земјата до развојот и тестирањето на новите иновативни приходни модели.

- ***Воспоставете доверба и етичко лидерство***

Од сметководствената професија се очекува да ги адресира јасните етичките грижи на различните засегнати страни. Постои уверување дека професијата би можела да стори повеќе за да ги потенцира и спречи неправилностите, од малите финансиски неправилности до големите системски неуспеси, што го помогнаа појавувањето на глобалната финансиска криза и тековната економска несигурност. Фокусот треба да се префрли од обезбедување на согласност со правилата, кон вистинска хармоничност со духот на прописите. Етичката надлежност има јасни импликации како за обуката и континуираното професионално усовршување на сметководителите, така и за дизајнот на внатрешните ревизорски и сметководствени процеси.

- ***Фокусирајте се на сеопфатниот поглед на комплексноста, ризикот и перформансите***

Многу јасна порака се согледува во потребата известувањето за компанијата да обезбеди широк поглед на организационите перформанси и перспективи. Ваквата интегрирана перспектива треба да ги земе предвид комплексноста на модерните бизниси и да се нагласат напорите за нејзино решавање. Ваквиот интегриран поглед исто така мора да извести за нефинансиските мерила, како што иновациите. Подеднакво важна ќе биде процената на силата на основните деловни односи, вкупната енергија на културата на фирмата и здравјето и среќата на вработените. Преземањето на интегрираниот поглед оди надвор од сегашната надлежност на финансискиот директор (CFO) во организацијата и има големи последици во обуката и развојот на сметководствената функција.

- ***Развивајте глобална ориентација***

Практикувањето на глобалните можности е јасен приоритет за големите, средните и малите претпријатија од развиените и развојните пазари. Импликациите за сметководствената функција се огромни. Првиот приоритет е стекнување на брзи сознанија за релативно јасните прашања како што се разбирањето на локалните сметководствени правила, законите за оданочување и процедурите за репатријација на профитот, прашања кои можат да влијаат на одлуките за влезот на пазарот. Потоа доаѓаат повеќе комплексни предизвици за добивање на темелно разбирање на локалните деловни обичаи и практики, културните норми и јазичните разлики. Клучот тука е развивање на начин на размислување во рамки на сметководството кој е почитуван од различните практики и култури и отворен за идеи, без оглед од каде тие потекнуваат.

- ***Откријте ги талентите***

Опсегот на движечки сили идентификувани во овој труд сугерира разновиден и растечки сет на барања и влијанија на улогата на сметководителот во иднина. Ова пак има директно влијание врз вработувањето, професионалната обука и развој. Брзината на промените и стапката на појава на нови барања става акцент на потребата од решенија за забрзана обука т.н. обука на повик. Ваквите обуки ќе бидат испорачани преку интернет и мобилните уреди. Во исто време, се пошироко, посложено и потешко влијание врз надлежноста ќе има изборот на луѓето што треба да бидат привлечени од професијата. Покрај традиционалните карактеристики кои вообичаено се поврзуваат со професијата, карактеристиките како претприемништвото, љубопитноста, креативноста и вештините за стратешко размислување ќе бидат од особена важност за идниот сметководител.

## Обликување на иднината на сметководствената професија

Изборот на императиви се одвива по релативно природен начин според приоритетноста на двигателите и нивните влијанија. Сепак, чекорите за нивно спроведување ќе се разликуваат драматично меѓу фирмите, секторите, земјите и регионите. За претпријатијата и сметководствените професионалци, посветеноста и преземените акции на различни нивоа, во однос на ваквите императиви би можело да резултираат во многу различни видови на резултати. На стратешко ниво, овие резултати ќе имаат директен ефект врз тоа како сметководствената професија може да се развива во текот на следната деценија.

Досегашната анализа сугерира дека разработените фактори имаат потенцијал да предизвикаат трансформациони промени во улогата на сметководителите и во позиционирањето на професијата. Во зависност од одговорот на сметководителите на дефинираните императиви, постојат големи разлики за тоа како професијата може да биде перципирана во иднина. Воедно, иднината на професијата би можело да биде различно поставена ширум светот.

Со цел истражување на спектарот на можни резултати, развиени се четири генерички сценарија за иднината на сметководствената професија во текот на следната деценија. Анализата на двигателите и нивните влијанија укажува дека двата фактори кои што ќе имаат најзначајно влијание се, прво, јавната перцепција на професијата и, второ, опфат на сметководствената улога од средните до големите фирми. За двата фактори, постои спектар на можни исходи.

**Јавната перцепција на професијата.** На едниот крај од спектарот, сметководителите може да се посматраат како "дел од проблемот“ што ја предизвика финансиската криза и континуираната економска несигурност, поради неуспехот да обезбедат рано предупредување и сигнали за постојниот ризик. На другиот крај е можноста сметководителите да бидат посматрани и вреднувани од страна на општеството како "чувари на интегритетот". Ваквото позиционирање подразбира работење на сметководителите според највисоките етички стандарди и осигурување дека нивните фирми целосно се усогласуваат со регулаторните барања.

**Опфат на улогата на сметководителите.** На едниот крај од спектарот сметководителите исклучиво се фокусираат на усогласеноста. Ваквиот пристап очигледно ја нагласува важноста од исполнување на основните барања за сметководствено и законско известување, без поголем акцент на активноста. На другиот крај на спектарот, финансиската функција излегува надвор од подрачјето на усогласеност и ја прифаќа пошироката надлежност. Оттука, сметководителите имаат значително поголема улога во сѐ, од формулирање на стратегијата до развој на нови производи и дефинирање на нови бизнис модели.

Со фокусирање на овие два клучни фактори и спектарот на можни исходи, се појавуваат бројни можни различни "генерички" сценарија, за иднината на сметководствената професија во текот на следната деценија. Тука се обработени четири сценарија кои базираат на екстремите на секој од клучните фактори на влијание. Истите се сумирани и опишани враќајќи се наназад од појдовната точка 10 години во иднина.

**А) Променител (перципиран како "чувар на интегритетот“, широка организациска надлежност)[8]**

Според ова сценарио, многумина во сметководствената професија успеаја да ги избалансираат очекувањата на јавноста за одговорно финансиско управување со повеќе претприемачкиот став во рамки на претпријатието. Потребата да се обезбеди силна и етичка практика е клучен фактор во постепеното прифаќање на пошироката надлежност од страна на финансискиот директор и сметководствената функција, и во настојувањето да се поврзат перформансите со одговорноста. Постои широко распространето признание помеѓу интересните групи дека сметководствената професија успеа да обезбеди ригорозни проверки и известувања, притоа овозможувајќи претприемачкиот дух да се развива. Затоа, врз основа на ваквата репутација сметководителите се во можност да стекнат поголемо влијание во нивните организации.

Трансферот кон проширената надлежност на професијата е резултат на намалувањето на несигурноста во многу компании и пренесувањето на поголема одговорност на сметководствената функција. Иако постоеше првична загриженост дека сметководителите може да го намалат прогресот во време кога нивните приходи беа огромни, перцепциите се променија како што сметководителите се развиваа во нивната нова улога и бизнисите ја согледаа вредноста на нивните перформанси. Ваквите новонастанати околности се голем стимул за привлекување на регрути во професијата и за охрабрување на луѓето да направат промени во својата кариера за да се преквалификуваат како сметководители. Клучниот предизвик во зачувување на ваквото стратешко позиционирање е одржување на рамнотежата помеѓу поттикнување на претприемачкото однесување и обезбедување на највисоките стандарди за финансиско управување.

**Б) Авантурист (перципиран како “дел од проблемот“, широка организациона улога)[9]**

Во рамки на ова сценарио, многумина во професијата се перципираат дека истрчале со претпоставката за поширока стратешка надлежност, за преземање поголема централна улога во активностите за создавање нови вредности. Во последната декада, финансискиот директор и сметководствената функција претпоставуваа дека имаат позначајна улога во секоја голема деловна одлука, од изборот на целните пазари до цените на производите и услугите. Недостатокот е во тоа што перципираниот фокус на краткорочната профитна максимизација зазема централно внимание, на сметка на пошироките прашања како што се ефективното управување со ризикот, јавната вредност и долгорочниот раст, со што од страна на јавноста се согледува дека е компромитирана етичката улога во финансиското управување.

---

[8] *The Association of Chartered Certified Accountants (ACCA)*, цитирано дело, стр.38

[9] Исто, стр.39

Во ситуација кога проблемите се уште се распространети во економијата, постои загриженост бидејќи наместо професијата да ги спречи финансиските неправилности, сметководителите во голем дел станаа дел од проблемот. Перцепцијата за сметководителите е променлива; иницијативите за вработување на финансиски професионалци ги привлекуваат главно оние кои се возбудени од поширокиот претприемачки пристап, но ги одвраќаат кандидатите кои се загрижени за јавниот имиџ на променливата професија. Во рамки на фирмите, фокусот за зголемување на профитот надвиснува над сметководствената функција. Ваквото сценарио од многумина може да се смета за премногу нестабилно затоа што е на краток рок, фокусот кон профитот не е заснован на етичкото финансиско управување, или претприемништвото за остварување долгорочни перформанси. Улогата на сметководителите во ова сценарио може да еволуира во сценарио “творец на промени“ каде постои рамнотежа меѓу претприемништвото и етички финансиското управување.

**В)Заштитник (перципиран како "чувар на интегритет“, тесен фокус на усогласеноста)[10]**

Професијата успеа повторно да воспостави доверба кај јавноста за нејзината улога во текот на последната деценија. Ова е постигнато со намерно одржување на строгиот фокус кон барањето да се обезбеди усогласеност со етичките и техничките регулаторни услови утврдени со закон. Системите за рано предупредување базирани на проценки на робусниот ризик доведоа до редовни примери на компании кои се принудени да се соочат со и да ги потенцираат потенцијалните финансиски прашања кои можеби претходно се прикриени во извештаите. Финансиските директори редовно поднесуваат оставка во случај на конфликт кој ги загрозува етичките стандарди на фирмите и финансиски добрата практика. Ревизорите се повеќе имаат недоразбирање со нивните клиенти во однос на нивната подготвеност да ги квалификуваат извештаите или да одбијат да ги потпишат истите.

Професијата станува се повеќе активна во антиципирање на грижите на интересните групи и поттикнување на развојот на строгите технички стандарди и на практичните заштитни мерки. Сметководителите краткорочно стануваат непопуларни во рамки на многу фирми поради нивниот цврст став за обезбедување на здрави финансиските практики и управување со робусниот ризик. Сепак, долгорочно предностите се јасни во однос на подобрената состојба на професијата, на рејтингот даден на претпријатијата кои имаат робусни сметководствени практики и влијанието при привлекување на регрути во професијата. Ова се смета како стабилно сценарио - особено во турбулентни времиња каде што фирмите сакаат да покажат примерно финансиско управување.

**Г)Преживувач (перципиран како "како дел од проблемот“, тесен фокус на усогласеноста)[11]**

Во ова сценарио, опстанокот се чини како приоритет за многумина во професијата, кои одбрале да се фокусираат на релативно строгите технички и регулаторни надлежности. Проблемите во економијата ескалираат и финансиските пазари преминуваат од една во друга криза. Интересните групи во општеството се критички настроени на неуспехот на професијата да обезбеди доволно рано предупредување за претстојните околности – како на ниво на макроекономијата, така и на ниво на индивидуално претпријатие.

Сметководствените професионалци се перципирани од страна на јавноста дека не успеале во нивната обврска да се грижат и се сметаат или како соучесници во кризата или неефективни во нивните напори да ја спречат и да се справат со неа. Одбраната на професијата против ваквите аргументи е дека таа ги исполнила своите законски обврски и дека проблемите се предизвикани од фактори надвор од нејзината легална надлежност. Сметководството станува далеку помалку атрактивна опција за кариера за многуте потенцијални регрути и во рамки на претпријатието неговата улога во значителна мера се смета како специјализирана функција за техничка поддршка. Повторно, ова може да се смета за нестабилно сценарио што се должи на воочениот недостаток на интегритет. Оттука, намерата на оние кои се припаѓаат на ова сценарио е да се развиваат до позиционирање на оние кои се во сценариото “заштитник“.

Табелата во продолжение покажува како изборите направени за секоја од 10 императиви помагаат во обликувањето на секое од сценаријата.

---

[10] *The Association of Chartered Certified Accountants (ACCA)*, цитирано дело, стр.39

[11] Исто, стр.39

| | Променител | Авантурист | Заштитник | Преживувач |
|---|---|---|---|---|
| **Јавната перцепција на професијата** | Чувари на интегритет | Дел од проблемот | Чувари на интегритет | Дел од проблемот |
| **Опфат на улогата на сметководителите** | Широка организациона улога | Широка организациона улога | Тесен фокус на усогласеноста | Тесен фокус на усогласеноста |
| **Претпоставете ја и планирајте ја нестабилноста** | Осигурува дека бизнис плановите и стратегиите за управување со ризикот го покриваат спектарот на сценарија, вклучувајќи ги новите можности и потенцијалот за економски колапс. Смета на надворешното влијание во ублажување на акциите | Постојано е во потрага по можностите кои произлегуваат од нестабилноста и ја испитува изложеноста на фирмата на економскиот ризик. Се фокусира на минимизирање на бизнис влијанието од надворешните промени. | Редовно го предупредува менаџментот за финансиската и законската усогласеност со ризиците кои произлегуваат од надворешните промени. Ги предупредува брзо надлежните, ако сериозни проблеми се појават. | Делува на надворешните промени кои можат да влијаат на законските одговорности на фирмата и барањата за известување. |
| **Создадете радар** | Ја скенира средината, трендовите, движењата и сигналите за промени кои би можеле да имаат влијание низ целиот бизнис и неговиот екосистем | Се фокусира на испитување на трендовите кои би создале можности за раст. | Останува во контакт со регулаторните случувања и промените во пошироките очекувања на интересните групи. | Реагира на новите регулаторни барања како што се јавуваат. |
| **Практикувајте технолошко лидерство** | Ги следи достигнувањата. Бара иновативни ИКТ апликации кои би можеле донесат силни и слаби бенефиции во рамки на претпријатието. | Технолошки инвестиции фокусирани на апликации кои може да донесат конкурентна предност или имаат сигурно враќање на инвестицијата. | Редовна ревизија на сметководствените системи за да осигураат дека тие можат да се справат сегашните и идни законски барања. | Се обидува да ги контролира трошоците на ИКТ - надградбата само до мера да ги реши прашањата на оштетувања во системот, лошите перформанси или променливите барања за усогласеност. |
| **Подгответе се за вистинска глобализација** | Осигурува дека фирмата развива робустен глобализационен модел кој ги опфаќа, луѓето, културата, процесите, системите и придонесот во заедницата. | Цели кон брз глобализационен модел кој треба да ги детектира профитабилните можности каде и да се појават. | Се обидува да ги разбере и да се усогласи со законските барања и клучните очекувања на чинителите во секоја локација. | Ги задоволува регулаторните и известувачките барања во согласност со минималните законски барања за секоја земја. |
| **Развивајте љубопитни, експериментални и прилагодливи начини на размислување** | Ја практикува позитивната филозофија. Ги поттикнува вработените да бараат нови идеи и експериментира со бизнис моделите. Истражува нови партнерски можности. | Бара шампионски иновации кои генерираат бизнис ефикасност и создаваат нов потенцијал за раст. | Вклучени се во промените на бизнисот од рана фаза со цел да осигураат што од предложеното може да биде поддржано од перспектива на сметководството и усогласеноста. | Одговара на бизнис иновацијата кога промените во сметководствените системи и процеси се задолжителни. |
| **Прифатете ја проширената стратешка и комерцијална улога** | Развива претприемачки изглед. Активно бара можности да учествува во донесувањето на пошироките бизнис одлуки. Го позиционира сметководството како внатрешен иновациски партнер. Има водечка улога при спојување и купување, глобализација и развој на бизнис модели | Високо претприемачки изглед. Широк ангажман во особено пазарно ориентираните активности. Ја нагласува корист за сметководствената функција да учествува и да ги вреднува бизнис иницијативите. | Се перципира како потенцијална бариера за иновации, поради спротивставување на предложените измени кои би можеле да го компромитираат финансискиот интегритет на претпријатието. | Ја позиционираат улогата на сметководител како внатрешна функција за техничка поддршка и усогласеност. |
| **Воспоставете доверба и етичко лидерство** | Има активна улога во дебатата за професионална етика. Го перципира поширокото влијание на сите клучни стратешки одлуки. Наметнува строга усогласеност со етичките и регулаторните најдобри практики. | Бизнис одлуките евалуираат од главно финансиска и регулаторна перспектива. | Ги проверува сметководствените системи и известувачките процеси на редовна основа, за да осигура дека тие се во согласност со духот и словото на сметководствените стандарди и законите на секоја земја. | Осигурува дека сите основни финансиски извештаи и процеси се во согласност со регулаторните барања, стандарди и упатства. |
| **Фокусирајте се на интегрираниот поглед на комплексноста, ризикот и перформансите** | Прифаќа поактивен пристап кон намалување на комплексноста на фирмата. Се обидува да воспостави перспектива за целото претпријатие при | Најдобри континуирани симплификации на деловните процеси. Проширено известување за перформансите за да се | Цели кон транспарентност при известувањето за финансиски работи на фирмата, кои се во согласност со најдобро покажаните практики и ги | Ги преработува сметководствените процеси во случај на покажани неуспеси и нови барања. Произведува точни менаџерски и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | известувањето на финансиските и пошироките индикатори на бизнисот, неговите перформанси, опкружувачки влијанија и идните перспективи. | опфатат сите клучни двигатели на раст во иднина. | исполнуваат очекувањата на клучните чинители. | регулаторни извештаи согласно договорените стандарди. |
| **Развивајте глобална ориентација** | Се обидува да осигура дека сметководствената функција може да ги поддржи меѓународните операции со поттикнување на персоналот да развие темелно разбирање на регулаторните барања, деловните практики и културните норми за секој пазар. | Ја истакнува потребата да се развие брзо и строго разбирање на сите клучни правни обврски и оперативни процеси потребни за да се овозможи меѓународните канцеларии да работат ефикасно. | Обезбедува вработените да ги разберат техничките барања и релевантните сметководствено поврзани деловни обичаи и практики за секој опслужен пазар. | Спроведува обука на персоналот како што се бара со цел да се исполнат правните и оперативните барања во водење на мултинационалната фирма. |
| **Откријте ги талентите** | Ја потврдува силната посветеност на учењето. Поттикнува континуиран развој на персоналот и бара нови пристапи за забрзана обука. Регрутира кандидати со интерес за поширока организациска и претприемачка улога. | Поддржува обука водена од потребите. Се фокусира на вработување на лица со високи амбиции и претприемачки дух. | Инвестира во обука за да се обезбеди дека персоналот е во тек со барањата за усогласеност и поширокото очекувања на чинителите. Техничката оспособеност и етичкиот интегритет се клучните фактори при вработувањето. | Обука се предвидува кога се појавуваат нови барања. Персоналот се вработува само врз основа на технички вештини. |

## Заклучок

Сметководствените практики треба да одиграат клучна улога во организирање на современиот економски и социјален живот. Како во приватниот, така и јавниот сектор, активностите се значително структурирани околу пресметките на трошоците и користите, проекциите за финансиските враќања, оценка на перформансите и ризикот, и сплет на други форми на нумерички и финансиски претставувања. Сепак, и покрај значењето на растечката пресметковна инфраструктура, релативно малку внимание е посветено на утврдување, како ваквото економизирање на општествените области ги менува модалитетите на управување и формите на лидерство и практицирање на моќта. Сметководството е професија која има директно влијание врз општествената структура на деловната организација и индиректно во однос на другите општествени институции. Сметководствените практики се значајни како технологија за општествена и организациска контрола.

Од сметководствената професија се очекува да ги адресира јасните етичките грижи на различните засегнати страни. Постои уверување дека професијата би можела да стори повеќе за да ги потенцира и спречи неправилностите, од малите финансиски неправилности до големите системски неуспеси, што го помогнаа појавувањето на глобалната финансиска криза и тековната економска несигурност. Фокусот треба да се префрли од обезбедување на согласност со правилата, кон вистинска хармоничност со духот на прописите. Етичката надлежност има јасни импликации како за обуката и континуираното професионално усовршување на сметководителите, така и за дизајнот на внатрешните ревизорски и сметководствени процеси.

Тука разработените фактори имаат потенцијал да предизвикаат трансформациони промени во улогата на сметководителите и во позиционирањето на професијата. Во зависност од одговорот на сметководителите на дефинираните императиви, постојат големи разлики за тоа како професијата може да биде перципирана во иднина. Воедно, иднината на професијата би можело да биде различно поставена ширум светот. Со цел истражување на спектарот на можни резултати, развиени се четири генерички сценарија за иднината на сметководствената професија во текот на следната деценија. На едниот крај од спектарот, сметководителите може да се посматраат како "дел од проблемот“ што ја предизвика финансиската криза и континуираната економска несигурност, поради неуспехот да обезбедат рано предупредување и сигнали за постојниот ризик. На другиот крај е можноста сметководителите да бидат посматрани и вреднувани од страна на општеството како "чувари на

интегритетот". Ваквото позиционирање подразбира работење на сметководителите според највисоките етички стандарди и осигурување дека нивните клиенти целосно се усогласуваат со регулаторните барања.

Постои јасно уверување дека сметководствената професија треба да работи напорно за да ја обзнае нејзината вредност и значење, да ја поврати довербата кај јавноста и да увери дека поседува силен бренд за регрутирање и привлекување на најдобрите таленти. Јавноста не може целосно да ја разбере сложената улога на сметководителот. Сепак, постои општа свест за тоа дека сметководствената професија постои за да обезбеди етички финансиско однесување и регулаторна усогласеност. Во некои кругови се идентификува чувството дека сметководителите би можеле подобро да ја извршат својата работа преку истакнување на ризиците и обезбедување на рано предупредување за проблемите акумулирани во многу од институциите иницијатори на глобалната финансиска криза. Затоа враќањето на довербата на јавноста во професијата е од огромно значење. Друг клучен приоритет во градење на довербата е проширување на дометот на професијата во развојните економии преку помагање да се воспостават силни национални професии. Приоритет за професионалните асоцијации во развојните пазари ќе биде да се обезбеди обука, воспоставување и примена на стандардите, и да им се обезбеди колективна заштита на практичарите. Воспоставувањето на довербата во професијата во значителна мера е улога на сметководителите кои работат во претпријатијата, како и на оние во сметководствените фирми и сметководствените здруженија.

## Користени извори


1. *Mennicken, Andrea & Miller, Peter*: Accounting, Territorialization and Power, Foucault Studies, No. 13, 2012
2. *The Association of Chartered Certified Accountants (ACCA):* 100 drivers of change for the global accountancy profession, Fast Future, 2012
3. *Марковски, Слободан & Недев, Блажо*: Сметководство на менаџментот, Економски факултет, 2003
4. *Buga, M., Gherghinescu, O. et al*: The global financial crisis as incentive for enhancing assurance for financial reporting, Annales Universitatis Apulensis Series Oeconomica, 12(1), 2010
5. Potter, N.Bradley: Accounting as a Social and Institutional Practice: Perspectives to Enrich our Understanding of Accounting Change, ABACUS, Vol. 41, No. 3, 2005.


**Биографија**

**Александар Костадиновски** е роден 30.04.1980 година во Тетово. Дипломира 2003 година на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет Св.Кирил и Методиј, на департманот сметководство и ревизија. Во 2005 година ги завршува магистарските студии од областа на сметководство и ревизија на Економски факултет, Универзитет Св.Кирил и Методиј. Докторската дисертација ја одбранува 2009 година исто така на Економскиот факултет во Скопје.

По дипломирањето Александар Костадиновски, има работено како асистент ревизор и финансиски работник. Од 2005 година е избран за асистент на Европскиот Универзитет во Скопје. Во 2009 година д-р Александар Костадиновски е избран за доцент во областа сметководство на Економскиот факултет, при Универзитетот “Гоце Делчев“ во Штип, каде што до денес е ангажиран како носител на предметните дисциплини Финансиско сметководство и Управувачко сметководство.

Д-р Александар Костадиновски е лиценциран судски вештак во областа на материјалното, финансиското и сметководственото работење, и овластен проценител на капиталот на трговски друштва, јавни претпријатија и други правни субјекти. Во наведените области активно остварува апликативна дејност.

Д-р Александар Костадиновски активно се служи со англискиот јазик и информационите технологии. Автор е на десетици публикации од сметководствената област.

**Доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска** од 2007 година работи на Економскиот факултет, при Универзитетот Гоце Делчев од Штип, каде од 2010 година е избрана за Наставник во сите звања-доцент, од областа Финансии и сметководство. Во тек на научно-истражувачката работа има издадено над 30 трудови од областа на сметководството и финансиите, со кои има учествувано на повеќе домашни и меѓународни научни конференции